Врз основа на член 84-б став (3) од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006, 152/2008, 44/2011 и 51/2011), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К

# ЗА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ЗА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на финансиските извештаи за приходите и расходите за изборната кампања.

## Член 2

Приходите и расходите за изборната кампања како и вкупниот финансиски извештај за изборната кампања се внесуваат на образец „Финансиски извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за изборна кампања", во А-4 формат, на бела хартија, даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Образецот од членот 2 на овој правилник се пополнува за секој донатор поединечно.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Број 12-18268/2
25 мај 2011 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
II
СКОПЈЕ